РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП–I бр. 25-57
21 .05.2014 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13 и 164/13), постапувајки по барањето на Друштвото за контрола на квалитет на опрема, машини и технички материјали КАРГОИНСПЕКТ - ОПРЕМА ДООЕЛ Скопје УП-I бр.25-57 од 12.05.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Се овластува Друштвото за контрола на квалитет на опрема, машини и технички материјали КАРГОИНСПЕКТ - ОПРЕМА ДООЕЛ Скопје, за вршење на стручни работи во постапка на единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O за инспекциското место 1 на ул.Јадранска магистрала бр.51 во Скопје.

### О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за контрола на квалитет на опрема, машини и технички материјали КАРГОИНСПЕКТ - ОПРЕМА ДООЕЛ Скопје, до Министерството за економија поднесе барање УП-I бр.25-57 од 12.05.2014 година со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работи во постапка на единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14 и 35/14) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10 и 95/12 ) за инспекциското место 1 на ул.Јадранска магистрала бр.51 во Скопје

Кон барањето се поднесени следните документи:
- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.1509-1283/2 од 09.05.2014 година;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-075 од 07.05.2014 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за тековната состојба на правното лице од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0809-50/150120140016244 од 04.03.2014;
- Копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инж. Ристески Димитрија, дипл. маш. инж. Ставрев Александар, дипл. маш. инж. Перковиќ Нино и дипл. маш. инж. Миткоски Зоран;

- Доказ за склучен договор за осигурување - полиса бр.ОР-00154611 од 01.02.2014 година;
- Доказ за склучен договор за користење на работен простор и техничка опрема бр.УЗП 3367/2014 од 08.04.2014 година; и
- Доказ за економско финансиската состојба на субјектот, издадена од Комерцијална банка а.д. Скопје, Дирекција за платен промет во земјата од 07.05.2014 година.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Валон Саракини